Република Македонија

Бр. _________

____________ Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА

Усогласеност со Програмата на Владата: Не е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:

- Мислење од Секретаријатот за законодавство
- Образец за фискални импликации
- Образец за иницијална проценка на влијание на регулатива
- Финансиски договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА
- Амандман бр. 3 на Финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА
- Превод на Амандман бр. 3 на Финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА
- Закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/2002)
- Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/2008)

| | |
|---|---|
| Дата на доставување на материјалот:<br><br>Скопје, .08.2010 година | ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br><br>м-р Зоран Ставрески<br><br>____________________ |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА

Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

м-р Зоран Ставрески

Скопје, август 2010 година

Изработил: Ана Николоска
Контролирал: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИК:
Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии

Предлог на закон за изменување на
Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА

Скопје, август 2010 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. _________
____________ Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА што го утврди на седница ______________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии, г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник, Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка (во понатамошниот текст: ЕИБ) по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА (во понатамошниот текст: АПЕКС Глобален заем) е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија и објавен во Службениот весник на Република Македонија бр. 04/02 од 16.01.2002 година. Република Македонија и ЕИБ склучија Финансиски договор на 26.06.2001 година.

Согласно член 3 став 2 од горенаведениот Закон за задолжување и став 4 од Преамбулата на Финансискиот договор, за администрирањето на АПЕКС Глобалниот заем беше надлежна Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: НБРМ). За таа цел, Министерството за финансии и НБРМ на 24.06.2002 година склучија Договор за администрирање на средствата од финансискиот договор за АПЕКС Глобалниот заем. Средствата од АПЕКС Глобалниот заем се целосно повлечени. Оттука, администрирањето од страна на НБРМ се сведуваше на администрирање на Револвинг фондот на АПЕКС Глобалниот заем формиран од исплатите кои ги вршеа деловните банки, со цел репласирање на средствата од заемот. Овие средства беа неискористени бидејќи деловните банки не покажуваат интерес за нивно репласирање. Со цел искористување на средствата од револвинг фондот, на иницијатива на Министерството за финансии, Собранието го усвои Законот на изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕИБ по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/08 од 18.08.2008 година). Потоа, се изврши префрлање на администрирањето на АПЕКС Глобалниот заем од НБРМ во Министерството за финансии, Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд (во понатамошниот текст: ЗКДФ).

ЗКДФ, како посебна единица во рамки на Министерството за финансии, е формиран во 2002 година за реализација на кредитната линија финансирана од Меѓународниот фонд за развој на земјоделството (Проект за финансиски услуги во земјоделството -ИФАД 2).

Во 2005 година, ЗКДФ го презеде администрирањето на неискористените средства од Проектот за рурален развој на јужните и источните региони -ИФАД 1 со цел истите да се реализираат до завршувањето на проектот.

Во октомври 2007 година, ЗКДФ го презеде во целост администрирањето на Заемите за развој на приватниот сектор обезбедени од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка (Прв заем за развој на приватниот сектор - ПСДЛ 1 и Втор заем за развој на приватниот сектор - ПСДЛ 2).

Во август 2008 година, ЗКДФ го презеде администрирањето и на АПЕКС Глобалниот заем финансиран од ЕИБ.

Оперативното работење на ЗКДФ се финансираше со грант средства од Кралството

Шведска преку два проекта: Проект за финансиски услуги во земјоделството и Проект за продолжување и унапредување на ЗКДФ. На 30.06.2010 година заврши проектот преку кој се финансираше работењето на ЗКДФ единицата.

Министерството за финансии на почетокот на 2010 година започна со активности за анализа на потенцијалните решенија за идното функционирање на ЗКДФ единицата. Со цел овозможување подобро насочување на средствата од ЗКДФ кон приоритетни и стратешки целни групи, како и евентуално обезбедување на поповолни кредитни услови за крајните корисници, преку директно пласирање на кредитите, Министерство за финансии предложи ЗКДФ да се префрли во Македонската банка за поддршка на развојот (во понатамошниот текст: МБПР), земајќи ги во предвид следните факти:

- Активностите на ЗКДФ се во целосна корелација со целта и активностите на МБПР;
- Можност за подобро насочување на средствата од ЗКДФ кон приоритетни и стратешки целни групи;
- Можност за обезбедување на поповолни кредитни услови за крајните корисници, преку директно пласирање на кредитите, согласно новиот Закон за Македонска банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 105/09 од 21.08.2009 година).

Така, согласно заклучоците од 142-та седница, одржана на 02.03.2010 година, Владата на Република Македонија ја разгледа и усвои Информацијата за понатамошно функционирање на Земјоделски кредитен дисконтен фонд во рамки на Македонската банка за поддршка на развојот. Согласно заклучокот бр 3, Министерството за финансии на 25.03.2010 година поднесе официјално барање до ЕИБ за добивање на согласност за спроведување на интегрирањето на ЗКДФ во рамки на МБПР. На 02.06.2010 година, добиено е официјалното одобрение од ЕИБ за префрлање на администрирањето на ЗКДФ во МБПР, во вид на две оригинални копии од Амандман бр. 3 на Финансискиот договор.

Оттаму, поради усогласување на изменетиот текст на Финансискиот договор и одредбите наведени во Законот за задолжување, се јавува потребата од донесување на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕИБ по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА, со кој администрирањето на заемот ќе го врши МБПР во име и за сметка на Министерството за финансии.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Основното начело врз основа на кое се заснова законот е:

- овозможување подобро насочување на средствата преку МБПР кон приоритетни и стратешки целни групи, како и евентуално обезбедување на поповолни кредитни услови за крајните корисници, преку директно пласирање на кредитите.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Донесувањето на овој закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог на закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР ЗА ГЛОБАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО ИЗНОС ОД 20 МИЛИОНИ ЕВРА

## Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 04/02; 102/08 ) во член 3, став 2 зборовите: „Министерството за финансии“ се заменуваат со зборовите: „Македонската банка за поддршка на развојот“.

## Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка (во понатамошниот текст: ЕИБ) по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА (во понатамошниот текст: АПЕКС Глобален заем) е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија и објавен во Службениот Весник на Република Македонија бр. 04/02 од 16.01.2002 година. Република Македонија и ЕИБ склучија Финансиски договор на 26.06.2001 година.

Согласно член 3 став 2 од горенаведениот Закон за задолжување и став 4 од Преамбулата на Финансискиот договор, за администрирањето на АПЕКС Глобалниот заем беше надлежна Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: НБРМ). За таа цел, Министерството за финансии и НБРМ на 24.06.2002 година склучија Договор за администрирање на средствата од финансискиот договор за АПЕКС Глобалниот заем. Средствата од АПЕКС Глобалниот заем се целосно повлечени. Оттука, администрирањето од страна на НБРМ се сведуваше на администрирање на Револвинг фондот на АПЕКС Глобалниот заем формиран од исплатите кои ги вршеа деловните банки, со цел репласирање на средствата од заемот. Овие средства беа неискористени бидејќи деловните банки не покажуваат интерес за нивно репласирање. Со цел искористување на средствата од револвинг фондот, на иницијатива на Министерството за финансии, Собранието го усвои Законот на изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕИБ по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/08 од 18.08.2008 година). Потоа, се изврши префрлање на администрирањето на АПЕКС Глобалниот заем од НБРМ во Министерството за финансии, Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд (во понатамошниот текст: ЗКДФ).

ЗКДФ како посебна единица во рамки на Министерството за финансии, е формиран во 2002 година за реализација на кредитната линија финансирана од Меѓународниот фонд за развој на земјоделството (Проект за финансиски услуги во земјоделството - ИФАД 2).

Во 2005 година, ЗКДФ го презеде администрирањето на неискористените средства од Проектот за рурален развој на јужните и источните региони - ИФАД 1 со цел истите да се реализираат до завршувањето на проектот.

Во октомври 2007 година, ЗКДФ го презеде во целост администрирањето на Заемите за развој на приватниот сектор обезбедени од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка (Прв заем за развој на приватниот сектор - ПСДЛ 1 и Втор заем за развој на приватниот сектор - ПСДЛ 2).

Во август 2008 година, ЗКДФ го презеде администрирањето и на АПЕКС Глобалниот заем финансиран од ЕИБ.

Оперативното работење на ЗКДФ се финансираше со грант средства од Кралството Шведска преку два проекта: Проект за финансиски услуги во земјоделството и Проект за продолжување и унапредување на ЗКДФ. На 30.06.2010 година заврши проектот преку кој се финансираше работењето на ЗКДФ единицата.

Министерството за финансии на почетокот на 2010 година започна со активности за анализа на потенцијалните решенија за идното функционирање на ЗКДФ единицата. Со цел овозможување подобро насочување на средствата од ЗКДФ кон приоритетни и стратешки целни групи, како и евентуално обезбедување на поповолни кредитни услови за крајните корисници, преку директно пласирање на кредитите, Министерство за финансии предложи ЗКДФ да се префрли во Македонската банка за поддршка на развојот (во понатамошниот текст: МБПР), земајќи ги во предвид следните факти:

- Активностите на ЗКДФ се во целосна корелација со целта и активностите на МБПР;
- Можност за подобро насочување на средствата од ЗКДФ кон приоритетни и стратешки целни групи;
- Можност за обезбедување на поповолни кредитни услови за крајните корисници, преку директно пласирање на кредитите, согласно новиот Закон за Македонска банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија“, бр. 105/09 од 21.08.2009 година).

Така, согласно заклучоците од 142-та седница, одржана на 02.03.2010 година, Владата на Република Македонија ја разгледа и усвои Информацијата за понатамошно функционирање на Земјоделски кредитен дисконтен фонд во рамки на Македонската банка за поддршка на развојот. Согласно заклучокот бр 3, Министерството за финансии на 25.03.2010 година поднесе официјално барање до ЕИБ за добивање на согласност за спроведување на интегрирањето на ЗКДФ во рамки на МБПР. На 02.06.2010 година. добиено е официјалното одобрение од ЕИБ за префрлање на администрирањето на ЗКДФ во МБПР, во вид на две оригинални копии од Амандман бр. 3 на Финансискиот договор.

Оттаму, поради усогласување на изменетиот текст на Финансискиот договор и одредбите наведени во Законот за задолжување, се јавува потребата од донесување на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕИБ по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА, со кој администрирањето на заемот ќе го врши МБПР во име и за сметка на Министерството за финансии.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат промена на носителот кој ќе го администрира заемот во име на Владата на Република Македонија, односно префрлање на администрирањето од Министерството за финансии во Македонска банка за поддршка на развојот.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Обезбедувањето на поволни кредити за поддршка на инвестиции за агро индустрискиот комплекс во Република Македонија е приоритет на Владата на Република Македонија, а неопходноста од овие кредити особено се потенцира во тековните услови на ефективност на користење на ИПАРД средствата.

Извод од одредбите на „Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиона ЕВРА“ кои се менуваат

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската инвестициона банка со кредит во износ од 20 милиона евра за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа.

Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон се утврдуваат со Финансискиот договор меѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа.

Член 3

Реализацијата на кредитот од член 1 на овој закон ќе започне преку Стопанската банка АД Скопје и Комерцијалната банка АД Скопје, со можност согласно со Финансискиот договор меѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка во натамошната реализација да се вклучат и други деловни банки од Република Македонија.

Народната банка на Република Македонија ќе го администрира кредитот во име на Владата на Република Македонија.

Член 4

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон од страна на деловните банки ќе се утврдат со договори за позајмување кои во име на Владата на Република Македонија министерот за финансии ќе ги склучи со деловните банки, а кои договори ќе бидат одобрени од Европската инвестициона банка.

Во договорите од став 1 на овој член ќе бидат дефинирани обврските на деловните банки во имплементирањето на кредитот.

Член 5

Рокот на отплата на кредитот за мали и средни претпријатија е 12 години вклучувајќи три години грејс период.

Рокот на отплата на кредитот за инфраструктурни проекти од локалната самоуправа е 15 години со пет години грејс период.

Каматната стапка која ќе се применува на кредитот се утврдува на денот на повлекувањето на средствата од страна на Европската инвестициона банка и може да биде фиксна или променлива.

Министерството за финансии ќе одлучи која каматна стапка ќе се применува на кредитот.

Член 6

Крајните корисници на средствата од кредитот ќе ги отплатуваат средствата на деловните банки. Деловните банки имаат обврска да ги сервисираат обврските кон Буџетот на Република Македонија, а од Буџетот на Република Македонија ќе се сервисираат обврските кон Европската инвестициона банка.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| Назив на предлогот: Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА | 2. Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финансии |
| 3. Цел на предлогот:<br>Со предлог на законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА ќе се изврши промена на администрирањето на средствата од Апекс глобалниот заем од Министерството за финансии во Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје. | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони ЕВРА. |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Сузана Пенева, државен советник | 6. Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел : : 3132-245; 3106-454; факс: 3106-140;<br><br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. Активност | | | |
| 8. Вид на барање: | ( )Регулатива во врска со ЕУ | (**X**)Нова програма | ( )Прераспределба (на средствата) меѓу две програми |
| | ( )Друга нова регулатива | ( )Зголемување/намалување на постоечка програма | ( )Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/ предложената активност**:** Предложените одредби претставуваат промена на носителот кој ќе го администрира заемот во име на Владата на Република Македонија, односно префрлање на администрирањето од Министерството за финансии во Македонска банка за поддршка на развојот.

10. Врска со владината програма: Предлог на законот не е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

| 11.Фискални импликации | (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ.Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор: | | | | |
| 12.Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13.Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата ( а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11 А и 11 Г) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | |

| | |
|---|---|
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18.Измени побарани од Министерство за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството предлага: | |
| 20. Одговор од Министерство за финансии: | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финансии е дадено во прилог: | |

22.Одобрен/ дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ______________________ | /0 8/2010 | _______________ | /0 8/2010 |
| Потпис на државен секретар или директор на орган | Ден / месец / год. | Потпис на Министерот | Ден/ месец / год. |

Изработил: Ана Николоска
Контролирал: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева